**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ВЕЛЕС**

Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, евроинтеграции и локален економски развој

УП БР. 1310-41
Бр.на постапка 42468
од 07.08.2023 год.
Велес

Врз основа на член 50 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/2020 и 111/23), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 51 од Статутот на Општина Велес, (Сл. Гласник 12/06, 03/09, 18/10 и 15/14), Градоначалникот на Општина Велес упатува кон:

# ЈАВЕН ПОВИК

## За организирање на јавна презентација и јавна анкета по Нацрт Детален урбанистички план за дел од УБ 29, УЕ 4 (Сула Чешма), КО Велес, Општина Велес

Се известуваат граѓаните, сите заинтересирани правни и физички лица од подрачјето опфатено со планот, подрачјата соседни на планскиот опфат, широката јавност, претставници на стручната јавност, претставници на органите на државната управа, претставници на единиците на локалната самоуправа, стручни лица од невладините организации и други стручни лица од областа што е релевантна за планирањето и за конкретниот плански опфат.

Границата на планскиот опфат е дефинирана помеѓу:

- На северозападната страна границата на планскиот опфат се граничи со дел од наменската зона превземена од Генералниот урбанистички план на град Велес, која се движи кон исток се до североисточната страна,
- На североисточната страна границата на планскиот опфат се движи кон југ по дел од КП бр. 16713/1 и дел од КП бр. 12881/1 и се движи кон југоисточната страна,
- На југоистичната страна границата на планскиот опфат започнува со дел од КП бр. 12881/1, која се движи кон запад кон КП бр.16713/1 каде продолжува кон југозапад по северозападната граница на КП бр. 12881/1 се до источната граница на КП бр. 2917/3. Потоа продолжува по дел од јужната граница на КП бр. 2917/3 и се движи кон запад кон југозападната страна,
- На југозападната страна границата на планскиот опфат започнува од дел од КП бр. 3109/1, движејќи се кон север по дел од оската на КП бр. 10333/1, КП бр. 2928/1, КП бр. 10334/1, КП бр. 10332 и КП бр. 16693/1, каде што продолжува кон запад до северната граница на КП бр. 16682/1, од каде движејќи се кон север ги сечи КП бр. 16693/1, КП бр. 16689/4, КП бр. 16689/3 и КП бр. 16689/1 се до наменската зона превземена од ГУП на град Велес на северозападната страна.

Опфатот е со површина од 95065.85 м2 (9.5ха).

Јавната анкета и јавната презентација по Нацрт Детален урбанистички план за дел од УБ 29, УЕ 4 (Сула Чешма), КО Велес, Општина Велес, ќе се спроведе со излагање на Нацрт планот во просториите на граѓанскиот центар на Општина Велес, преку информацискиот систем е-урбанизам, се објавува на веб-страната на општината и се огласува со печатени плакати и соопштенија во и околу подрачјето на планскиот опфат.

Јавната анкета ќе трае 35 дена од 23.08 до 26.09.2023 година од 7,30 до 15,30 часот во просториите на Општина Велес.

Во спомenатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.

Јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 12.09.2023 година во 10:00 часот во просториите на Општина Велес.

Градоначалник
на Општина Велес
**Марко Колев**